Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр. 02-457/13
Прилеп 09.03.2023 год.

витаминка

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА П.И.„ВИТАМИНКА" АД ПРИЛЕП ВО ПЕРИОДОТ 01.01.2022 - 31.12.2022 ГОДИНА

*Содржина:*

1. Основни податоци за друштвото

2. Управување со финансиски ризик

3. Инвестиции

4. Дивиденда

5. Финансирање

6. Големи зделки

7. Односи со поврзани субјекти

8. Акционерски капитал

9. Надоместоци на раководството

10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

11. Трудова статистика

12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

13. Корпоративна општествена одговорност

14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби и состојбите во Друштвото

## 1. Основни податоци за друштвото и поврзаните правни субјекти

**П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп**, е основана во 1956 година со Решение - рег.бр. 9/56, на тогашниот Окружен Стопански суд во Битола, како фабрика за производство на црвена пипер. Во текот на годините друштвото активно вложува во развојни проекти, значително го проширува сопствениот производен асортиман и бележи континуиран раст. Со Решение бр. 1485/98 од 20.10.1998 год. во Основниот суд Битола како регистарски суд е спроведена судска регистрација на „Витаминка" како акционерско друштво, а во насока на усогласување со Законот за трговските друштва.

Со примената на законските прописи (Законот за централниот регистар и др. прописи) податоците за П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп, од трговскиот регистар кој се водеше во Основниот суд во Битола, пренесени се во Централниот регистар на Р.М. Основните податоци за друштвото се следните:

- Единствен матичен број (ЕМБС) 4015215,
- Целосен назив на субјектот на упис: Прехранбена индустрија „Витаминка" а.д. Прилеп,
- Седиште: ул. „Леце Котески" бр. 23 - Прилеп,
- Вид на правното лице: 05.5 Акционерско друштво,
- Големина на деловниот субјект: Голем,
- Одговорност во правниот промет: За обврските створени во правниот промет со трети лица, друштвото одговара со сите свои средства,
- Датум на првична регистрација: 20.10.1998 год.
- Траење: Неограничено

ОСНОВНА ГЛАВНИНА:

- Основачки влог МКД: 248.770.775,00
- Основачки влог EUR: 4.049.000,00

Уплатено во целост

- Број на акции: 76.720
- Вкупно акционери: 216

Во 2022 год. резервиран општествен капитал не постои.

Во 2022 год. бројот на акциите изнесува 76.720, од кои 2.351 се сопствени акции на друштвото. Сите акции се обични со право на еден глас, со исклучок на сопствените акции за кои што мируваат правата. Номиналната вредност на поединечна акција изнесува 52,78 Евра.

Основната дејност на П.И. „Витаминка" а.д. Прилеп согласно НКД е: Производство на какао, чоколади и кондиторски производи, шифра: 10.82. Друштвото во Централниот регистар на Република Македонија има регистрирано и општа клаузула за бизнис.

Поврзани субјекти со П.И.„Витаминка" АД Прилеп се следните правни лица:

- **Друштво за превоз, трговија и услуги В-РОУТЕ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп**, основано на 02.10.2017 година, ЕМБС 7236266, со приоритетна дејност 49.41 според НКД – товарен патен

транспорт, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик. Преку ова друштво се одвива дистрибуцијата на производите на „Витаминка“ АД, но и се обезбедуваат транспортни услуги и за трети лица, што го прави друштвото самоодржливо. Друштвото е во целосна сопственост на „Витаминка“ АД Прилеп.

- Друштвото **„Ведрина-2“ ДОО Белград, Република Србија**, основано на 28.06.2003 година, ЕМБС 17418777, со приоритетна деност 46.31, според НКД во Р.Србија, трговија на големо со шеќер, чоколади и слатки, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик.

- **„Витаминка БГ“ ЕООД, Софија, Република Бугарија**, ЕМБС 202127272, со приоритетна дејност купопродажба на стоки и услуги, според НКД на Р.Бугарија, на кое П.И.„Витаминка“ АД Прилеп е единствен сопственик.

- **“VITAFOOD” SH.P.K. Приштина, Косово,** ЕМБС 811457804, со приоритетна дејност производство на прехранбени производи од областа на здравата храна и пакувањето на прехранбени производи. „Витаминка“ АД Прилеп е сопственик на 50% од капиталот на друштвото.

- Дополнително, П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп се појавува и како еден од основачите на **„Пакомак“ ДОО Скопје**, со удел во висина од 1/11 од основачкиот влог на друштвото.

- Во текот на 2017 година или поточно на 07.07.2017 година беше основано и **Здружението Женски РАКОМЕТЕН КЛУБ ДЕСПИНА Прилеп**, по барање на врвното раководство на „Витаминка“, од страна на повеќе физички лица вработени во П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, а во согласност со Законот за здруженија и фондации.

## 2. Управување со финансиски ризик

### 2.1. Фактори на финансиски ризици

Деловните активности на Друштвото се изложени на различни ризици од финансиски карактер, вклучувајќи кредитен ризик и ризици поврзани со ефектите од промените во девизните курсеви и каматните стапки. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз успешноста на деловното работење на Друштвото.

Управувањето со ризици на Друштвото го врши Одборот на директори врз основа на претходно одобрени писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја, како што се ризикот од курсни разлики, ризикот од каматни стапки, кредитниот ризик, употребата на вложувањата и пласманите на вишокот ликвидни средства.

### 2.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Друштвото доколку корисникот или договорната страна на финасискиот инструмент не успее да ги исполни своите договорни обврски. Кредитниот ризик настанува од побарувања од купувачи, депозити во банки и парични средства и парични еквиваленти.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е под влијание од страна на индивидуални карактеристики на секој клиент. Друштвото има воспоставени политики, за да се осигура дека продажбата на стоки и услуги е извршена на корисници со соодветна кредитна историја, односно Друштвото има воспоставени политики според кои кредибилитетот на секој дилер и клиент со поголеми нарачки е анализиран пред потпишување на договорот, додека малопродажбата целосно е однапред планирана.

Кај Друштвото не постои материјално значајна концентрација на кредитен ризик поради големиот број на клиенти и нивните различни профили кои се во различни индустрии и географски региони.

### 2.3. Ризик од ликвидност

Претпазливо управување со ризик од ликвидност имплицира одржување на доволно готовина и ликвидни хартии од вредност, потоа расположливост на извори на средства преку соодветно обезбедување на кредити и можност за навремена наплата на износите на побарувања од купувачи во рамките на договорените услови. Како резултат на динамичниот карактер на дејноста на Друштвото, Раководството настојува да обезбеди флексибилни извори на средства преку расположливи кредитни линии. Изворите на финансиски средства како дополнителни извори за обртен капитал за секојдневната работа на друштвото и од сопствените извори на такви средства (од остварената годишна добивка и од издвоените средства од амортизацијата), континуирано се намалуваат.

### 2.4. Пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од промени во пазарни цени, курсевите на странските валути и каматните стапки кои имаат влијае на приходите на Друштвото или на вредноста на финансиските инструменти. Целта на управување со пазарен ризик е управување и контрола на изложеноста на пазарен ризик во прифатливи рамки и оптимизирање на поврат на средствата.

Ризик од курсни разлики

Друштвото има деловни активности на меѓународните пазари и е изложено на ризик од курсни разлики кој се јавува од изложеноста кон различни валути, посебно во однос на Еврото и Доларот. Друштвото не користи инструменти за обезбедување од ризик од курсни разлики. Раководството на Друштвото е одговорно за одржување на соодветна нето позиција за секоја валута поединечно, како и вкупно за сите валути.

Ризик од каматни стапки врз паричните текови и објективната вредност

Друштвото е изложено на ефектите на флуктуациите на пазарните каматни стапки врз неговата финансиска состојба и паричните текови. Раководството на Друштвото е во најголема мерка одговорно за дневно следење на состојбата на ризикот од нето каматни стапки и одредува лимити за намалување на потенцијалот од каматна неусогласеност. Постои значителна концентрација на позајмици со камата од локални финансиски институции на денот на известување. Флуктуациите во пазарните каматни стапки, според кои средствата се позајмени, може да имаат неповолен ефект врз успешноста во финансирањето на Друштвото. Во исто време, Друштвото нема значителни пласирања на своите средства во орочени депозити и високо ликвидни хартии од вредност, кои носат дополнителен приход од камата.

### 2.5. Ризик при управување со капитал

Целите на Друштвото при управување со капиталот се овозможување на Друштвото да продолжи со своите деловни активности според принципот на континуитет со цел да обезбеди приход за акционерите и бенефиции за други заинтересирани лица, како и да одржи оптимална структура на капиталот со цел намалување на трошокот на капиталот.

Со цел да се одржи или прилагоди структурата на капиталот, Друштвото може да изврши корекција на износот на дивиденди исплатени на акционерите, да врати капитал на акционерите, да издаде нови акции или да продаде средства за да го намали долгот.

## 3. Инвестиции

Во 2022 година беа ставени во функција инвестиции во износ од 2.924.284,00 ЕВРА. Овие инвестиции се реализирани преку земени долгорочни кредити од банки и со користење на сопствени извори, остварениот позитивен финансиски резултат и годишната амортизација.

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 г<br>мкд | 2022 г<br>мкд | Раст / Пад<br>% |
| Нематеријални средства | 860.564,00 | 1.358.121 | +57.8% |
| Земјишта и градежни објекти | 116.451.648,00 | 59.548.951 | -48.8% |
| Опрема | 77.825.867,00 | 104.689.398 | +34.5% |
| Долгорочни вложувања | 23.426.905,00 | 14.247.016 | -39.1% |
| ВКУПНО | 218.564.984,00 | 179.843.486 | -17.7% |

## 4. Дивиденда

На 19.05.2022 година на Годишното собрание на акционери е одобрена пресметка и исплата на дивиденда за 2021 година во висина од 23.783.200,00 денари.

## 5. Финансирање

Преглед на обврски по долгорочни и краткорочни позајмици по доспеаност во илјади мкд:

| | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| **Долгорочни позајмици со камата и обврски по финансиски наем** | | |
| Про Кредит Банка, Скопје | 225,056.00 | 298,655.00 |
| Комерцијална Банка, Скопје | 977,294.00 | 826,948.00 |
| НЛБ Банка | | 30,556.00 |
| Стопанска Банка Скопје | 24,555.00 | 24,555.00 |
| Шпаркасе Банка, Скопје | 23,552.00 | 23,726.00 |
| **Вкупно долгорочни позајмици** | **1,268,645.00** | **1,204,440.00** |
| Намалено за: тековна доспеаност | 180,820.00 | -234,581.00 |
| **Долгорочен дел** | **1,087,825** | **969,859** |
| **Краткорочни позајмици со камата и обв.по фин.наем** | | |
| Комерцијална банка во вкупен износ од 40,000 илјади денари | 36,282.00 | 19,469.00 |
| Шпаркасе банка во илјади денари | 170,247.00 | 167,427.00 |
| НЛБ банка во илјади денари | 64,102.00 | 17,019.00 |
| Шпаркасе лизинг | 37.00 | 365.00 |
| Стопанска Банка АД СКопје | 90,800.00 | 88,440.00 |
| Обврски по кредитни картички со варијабилна каматна стапка | 335.00 | 142.00 |
| **Вкупно краткорочни позајмици** | **361,803.00** | **292,862.00** |
| Тековна доспеаност на долгорочни позајмици со камата | 180,820.00 | 234,581.00 |
| **Краткорочни позајмици и тековно доспев.на долгор.поз,** | **542,623.00** | **527,443.00** |
| **Cé вкупно позајмици и фин.наем** | **1.630.448** | **1,497,302** |
| ***Во илјади ЕУР*** | ***26,511.00*** | ***24,306.00*** |

## 6. Големи зделки

Во 2022 година не се склучени големи зделки согласно членовите 455 и 456 од Законот за трговските друштва.

## 7. Односи со поврзани субјекти

Трансакциите со поврзаните друштва се извршени во согласност со тековните пазарни услови, цени и каматни стапки. Следната табела ги прикажува обемот и салдата од трансакциите со поврзаните субјекти со состојба за годината која завршува на 31 декември 2022 година.

| | Побарувања | Обврски | Приходи | Расходи |
|---|---|---|---|---|
| **2022** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Витаминка БГ ЕООД Софија | 4.942.503 | 296.203 | 46.087.504 | 3.303.048 |
| Ведрина 2 ДОО Белград | 13.983.791 | 17.189.031 | 3.778.329 | 115.985.415 |
| В-роуте | 0 | 43.344.418 | 184.800 | 128.020.872 |

## 8. Акционерски капитал

На 31 декември 2022 година регистрираниот акционерски капитал на Друштвото изнесува 248,771 илјади МКД. Истиот е поделен на 76,720 запишани и во целост платени обични акции, од кои 74.369 акции даваат право на глас и дивиденда, додека правата од стекнатите сопствени акции мируваат во согласност со закон.

На 31.12.2022 год. друштвото имаше стекнато вкупно 2,351 сопствени акции во согласност со Одлуката на Собрание на акционери со арх.бр. 02-740/10 на седницата одржана на 19.05.2022 година,. и врз база на претходните одлуки. Истовремено со оваа одлука, беше донесена и Одлука за отуѓување сопствени акции бр. 02-740/11 од 19.05.2022 год., а со цел, доколку за тоа се создаде можност, да изврши отуѓување или поништување на акциите во нареден период, во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва. Инаку, може да се констатира дека сите акции се стекнати согласно член 333 од Законот за трговските друштва и не беше евидентирано никакво отстапување од законските рамки. Процесот на стекнување сопствени акции со откуп согласно спомената одлука може да продолжи најдоцна до 18.05.2023 година заради тоа што истата има важност од најмногу 1 (една) година согласно закон. Причините за стекнувањето сопствени акции со откуп би можеле да се лоцираат во настанатите поврзувања, присоединувања, спојувања и поделби на друштва во регионот, а пред сè влијанието на одредени поголеми трговски ланци во делот на производството и продажбата на храна. Од нивна страна беа купени повеќе помали конкурентски друштва, со чие присоединување настана реална опасност да се монополизира пазарот и да се преземат разни активности за уништување или нанесување штети на останатите конкуренти на пазарите во регионот.

## 9. Надоместоци на раководството

На раководството на Друштвото во 2022 година вкупно се исплатени 35.154.662,00 денари.

## 10. Финансиски извештаи и финансиски показатели

### 10.1. Поединечни финансиски извештаи

Во продолжение се презентира билансот на состојбата и успехот за 2022 година:

***Биланс на состојба:**

| | 31 декември 2022 000 МКД | 31 декември 2021 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | 1,513,098 | 1,390,979 |
| Нематеријални средства | 2,833 | 2,762 |
| Вложувања во подружници | 113,263 | 113,263 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | 84,615 | 161,572 |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1,713,811** | **1,668,577** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 737,054 | 658,235 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 696,941 | 606,756 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 9,338 | 17,223 |
| | **1,443,333** | **1,282,214** |
| **Вкупно средства** | **3,157,143** | **2,950,791** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | | |
| Акционерски капитал | 248,771 | 248,771 |
| Резерви | 342,616 | 376,174 |
| Акумулирани добивки | 440,781 | 462,928 |
| | **1,032,167** | **1,087,873** |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Позајмици | 1,087,825 | 969,859 |
| | **1,087,825** | **969,859** |
| **Тековни обврски** | | |
| Позајмици | 542,623 | 527,443 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 492,148 | 363,270 |
| Обврска за данок на добивка | 2,381 | 2,346 |
| | **1,037,151** | **893,058** |
| **Вкупно обврски** | **2,124,976** | **1,862,918** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **3,157,143** | **2,950,791** |

***Биланс на успех:**

| | Годината што завршува на 31 декември 2022 000 МКД | 31 декември 2021 000 МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 3,619,772 | 2,812,150 |
| Останати деловни приходи | 114.194 | 55,634 |
| | | |
| Набавна вредност на продадени стоки | -98,493 | -14,715 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -2,752,340 | -2,040,426 |
| Трошоци за користи на вработените | -406,490 | -374,085 |
| Амортизација и депрецијација | -110,245 | -109,412 |
| Останати деловни трошоци | -402,138 | -338,504 |
| Промени на залихите на готови производи | 105,204 | 94,860 |
| **Добивка од оперативно работење** | **69.492** | **85,502** |
| | | |
| Финансиски приходи | 10.294 | 9,189 |
| Финансиски расходи | -46,635 | -37,462 |
| Финансиски (расходи), нето | -36.341 | -28,273 |
| **Добивка пред оданочување** | **33,121** | **57,229** |
| | | |
| Данок на добивка | **-3,317** | **-5,195** |
| **Нето добивка за годината** | **29,804** | **52,034** |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | **-326** | **53,330** |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **29,478** | **105,364** |

- *Финансиски показатели:*

  - Оперативна профитна маржа пред амортизација – ЕБИТДА:
  - Во 2022 год. ЕБИТ ДА изнесува 4,62%.

  - Оперативна профитна маржа по амортизација – ЕБИТ:
  - Во 2022 год. ЕБИТ изнесува 1.79%.

Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2022 |
|---|---|
| а. Тековни обврски по долгорочни кредити во однос на ЕБИТДА | 0,59 |
| б. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 9.07 |
| ц. Степен на финансиска сигурност | 32,69 |

## 10.2. Консолидирани финансиски извештаи

## Биланс на состојба

| | 31 декември 2022 000 МКД | 31 декември 2021 000 МКД |
|---|---|---|
| **Нетековни средства** | 1.547.037 | 1.428.878 |
| Нематеријални средства | 3.231 | 3.016 |
| Вложувања во подружници | 85.268 | 162.224 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | | |
| Финансиски побарувања | | |
| | **1.635.535** | **1.594.117** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 737.935 | 658.774 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 732.578 | 641.062 |
| Побарувања за данок од добивка | | |
| Парични средства и еквиваленти | 15.214 | 20.773 |
| | **1.485.727** | **1.320.609** |
| **Вкупно средства** | **3.121.262** | **2.914.726** |
| **Капитал и обврски** | | |
| **Капитал** | **975.724** | **991.495** |
| Акционерски капитал | 249.324 | 249.322 |
| Резерви | 344.534 | 378.092 |
| Акумулирани добивки | 381.859 | 364.081 |
| **Обврски** | | |
| **Нетековни обврски** | **1.100.851** | **982.633** |
| Позајмици | 1.100.851 | 982.633 |
| **Тековни обврски** | **1.044.687** | **940.598** |
| Позајмици | 546.260 | 530.427 |
| Обврски према добавувачи и останати обврски | 498.427 | 410.171 |
| Обврска за данок на добивка | | |
| **Вкупно обврски** | **2.145.538** | **1.923.230** |
| **Вкупно капитал и обврски** | **3.121.262** | **2.914.726** |

## Биланс на успех

| | 31 декември 2022 000 МКД | Година што завршува на 31 декември 2021 000 МКД |
|---|---|---|
| Приходи од продажба (приходите од продажба се намалени за дадените рабати на купувачите) | 3.657.194 | 2.818.224 |
| Останати деловни приходи | 134.094 | 78.458 |
| | | |
| Набавна вредност на продадени стоки | -92.982 | -3.556 |
| Материјали, енергија и резервни делови | -2.786.513 | -2.062.661 |
| Трошоци за користи на вработените | -454.736 | -412.697 |
| Амортизација и депрецијација | -127.247 | -122.820 |
| Останати деловни трошоци | -322.730 | -279.315 |
| Промени на залихите на готови производи | 105.204 | 96.358 |
| **Добивка од оперативно работење** | **112.284** | **111.990** |
| Финансиски приходи | 10.426 | 9.217 |
| Финансиски расходи | -47.380 | -38.048 |
| Финансиски (расходи), нето | -36.954 | -28.831 |
| **Добивка пред оданочување** | **75.330** | **83.159** |
| | | |
| Данок на добивка | 5.503 | -6.932 |
| **Нето добивка за годината** | **69.827** | **76.227** |
| | | |
| **Останата сеопфатна добивка за годината:** | **-326** | **53.330** |
| Промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба | | |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | **69.501** | **129.556** |

-Остварените показатели согласно одредбите од горенаведените договори се следните:

| | 2022 |
|---|---|
| a. Нето финансиско задолжување во однос на ЕБИТДА | 6.88 |
| b. Степен на финансиска сигурност | 31.26 |

## 10.3. Независна надворешна ревизија

Со одлука донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 19.05.2022 година, за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2022 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избра овластеното ревизорското друштво „Грант Торнтон" ДОО Скопје. Ревизорското друштво, во целост, согласно со ревизорските стандарди и процедури, одговори на барањето на друштвото за понуда за извршување на предметниот вид услуги и истите со успех ги реализираше. Со ревизорското друштво е остварувана долгогодишна соработка, во рамките на која од двете страни биле целосно и квалитетно испочитувани преземените обврски. Од друга страна, станува збор за еминентно ревизорско друштво, со соодветна кадровска и материјална екипираност, за максимално стручно извршување на доверената задача. Освен наведените услуги, „Витаминка" АД и надворешниот ревизор не реализираа дополнителни услуги што излегуваат од наведените рамки.

## 11. Засегнати лица

## 11.1. Трудова статистика

Трудовата статистика на П.И.„Витаминка" АД - Прилеп ги интегрира различните аспекти поврзани со менаџментот на човечките ресурси, следење на бројот на вработени, половата, образовната, националната структура, просечната старост на работниците во организацијата, следење на боледувањата и сл.

**На 31.12.2022 година во „Витаминка" работеле вкупно 637 работници,** а просечниот број вработени во 2022 год. бил 628 лица, од кои 71% биле вработени на неопределено време, а останатите 29% биле вработени на определено време. Сезонска работна сила не била ангажирана во овој период. **Просечниот број вработени во П.И.„Витаминка" АД Прилеп и „В-Роуте" ДООЕЛ Прилеп заедно изнесувал 630 лица.**

Правејќи споредба и анализа на просечен број вработени во временски интервал од 2015 год. до 2022 год. може да констатираме дека во текот на 2022 год. просечниот број на вработени изнесувал 628, за разлика од 2021 год. каде просечниот број е за 21 повеќе просечниот број на вработени изнесувал 649 лица. Кога се прави споредба на просечно вработени на неопределено време може да се заклучи дека во текот на 2022 година овој број во просек изнесувал 442 лица, за разлика од 2021 година каде што овој број е помал за 12

лица и во просек во текот на годината изнесувал 430 лица. Вработени на определено време во текот на 2022 година во просек имало 185 лица, за разлика од 2021 година каде овој број бик 219 година.

На ден 31.12.2022 год. во ПИ „Витаминка", 325 лица се од машки пол, а останатите 312 лица се од женски пол, во процент тоа би било 51% мажи, а останаите 49% се жени. На ден 31.12.2022 год. во „В-Роуте", 32 лица се од машки пол, а едно лице е од женски пол.

Просечната возраст на вработени во ПИ „Витаминка" во текот на 2022 год. е 44 години, од кои што просечна возраст на жени е 44 години, а просечна возраст на мажи е 45 години. Просечна возраст на вработени во рамките на „В-Роуте„ се на возраст од 40 години, во „В-Роуте" преовладува машка популација на вработени кои имаат просечна возраст од 40 години и една вработена од женски пол на возраст од 39 годинша возраст.




Во 2022 година се регистрирани нови 75 нови вработувања, од кои најголемиот број се повторни вработувања на лица што работеле и претходно во друштвото на определено време, но заради дисконтинуитетите во процесите на работа, на лицата времено им престанувал работниот однос, а потоа повторно биле ангажирани во процесите на работа. Најголем број од вработувањата се реализирани во Техничкиот сектор на друштвото. Во однос на одливот на кадарот, друштвото во 2022 година бележи зголемување на бројот на барања за престанок на договорот за вработување по иницијатива на работник, односно 32 работници побарале спогодбено да им престане работниот однос. Во 2022 година друштвото не се соочи со изразени проблеми во поглед на недостаток на работна сила, а со посочените активности поврзани со дуалното образование и стипендирањето студенти на високообразовните установи, очекувањата се дека ќе се задоволат потребите за кадар, како во делот на елементарните занимања, така и во поглед на инженерскиот кадар.

Од аспект на образовна структура во друштвото, со 68% од вкупниот број вработени доминираат работниците со завршено средно образование, 4% имаат основно образование, додека високо образование имаат завршено 28% од вкупниот број вработени во друштвото.

Во овој дел, организацијата во континуитет спроведува обуки за вработените, а согласно со Планот за обуки кој се изработува за секоја деловна година. Во споменатиот План за обуки на вработените е применет секторскиот принцип, на начин што одговорните лица на секоја организациона единица предлагаат обуки за тој дел, а Одборот на директори конечно го одобрува ваквиот план, како сегмент кон годишниот План за работа на друштвото во тековната година.

Во изминатата 2022 година континуирано се спроведуваа активностите поврзани со развојот на човечките ресурси. Особено важно е тоа што во друштвото и понатаму продолжија да се негуваат различните практики за мотивација на вработените и подобрување на условите за работење. За 2022 година беа доделени јубилејни награди во согласност со закон и колективен договор. ПИ „Витаминка“ доделува и стипендии на студенти на Технолошко-металуршкиот факултет, Електро-техничкиот и Машинскиот факултет (сите при УКИМ). Паралелно, сосема успешно се спроведуваат активностите поврзани со дуалното стручно образование со ученици од Средното општинско училиште „Р.Ристески Ричко“ во Прилеп на профилот Техничар за индустриска мехатроника. Во овој момент вкупно четиринаесет ученици веќе посетуваат практична настава во просториите на друштвото, а истата ја спроведуваат посебно обучени и сертифицирани ментори.

### 11.2. Резиме за соработка со засегнати лица

Одборот на директори со внимание ги следеше потребите и интересите на главните засегнати лица на друштвото (вработени, купувачи, добавувачи, државни органи и локалните заедници), при извршувањето на своите должности во 2022 година, а особено влијанието на конкретните одлуки и активности врз нив. Во таа смисла, во текот на деловната 2022 година, Генералниот извршен директор ги презеде сите потребни мерки и активности за обезбедување редовна и квалитетна комуникација со засегнатите лица, за што ги информираше членовите на Одборот на директори. Во комуникацијата со вработените, Генералниот извршен директор и останатите раководни лица од Оперативниот тим со делегирани надлежности во тој дел, оствари многубројни средби со поединци и групи, при што беа преземени низа мерки и активности за подобрување на условите за работа, обезбедување финансиска и друга помош за вработените и членови на нивни семејства, идентификување на евентуалните слабости на системот и посредување во надминување на евентуалните проблеми во работењето. Поставени се и посебни кутии за поплаки и пофалби од вработени на видни места во фабриките, а сите доставени барања или пофалби беа со внимание разгледани и беше постапено во правец на решавање на проблемите. Со купувачите и добавувачите во текот на 2022 година се одржуваше исклучително високо ниво на комуникација на дневна основа. Позначајни проблеми не беа евидентирани и покрај економските и другите предизвици кои ги имаа компаниите во државата и ширум светот. Одделните организациони единици (продажните сектори, секторот за контрола на квалитетот, секторот за набавки, секторот за правни и општи работи, но и службата за стандарди) беа особено посветени на комуникацијата со купувачите и добавувачите, а тековните проблеми

беа решавани со взаемно разбирање и во рамките на договорите за деловна соработка. Исто така, комуникацијата со државните органи и локалните заедници беше секојдневна и течеше без проблеми. Доминантно, активностите на тој план се одвиваа преку секторот за правни и општи работи, финансискиот сектор и развојниот сектор.

## 12. Собрание на акционери, орган на управување, оперативен тим

Имајќи го предвид фактот дека станува збор за сложена организација - акционерско друштво, односно за голем деловен субјект, во друштвото воспоставена е и успешно функционира широко разгранета организациона структура. На врвот на организационата структура се наоѓа Собранието на акционери кое го претставуваат вкупно 215 акционери со право на глас и таа состојба е променлива. Во текот на 2022 година, беше одржано едно Годишно Собрание на акционери. Годишното Собрание на акционери се одржа со физичко присуство на 19.05.2022 година и на истото се одлучуваше по 15 точки на дневниот ред. Собранието се одржа без никакви проблеми во работењето.

Во текот на целата 2022 година беа одржани вкупно 11 /единаесет/ седници на Одборот на директори, на кои беа донесени и спроведени вкупно 31 одлука и повеќе други акти. Бројот на одржани седници на Одборот на директори на П.И.„Витаминка" А.Д. Прилеп и воопшто активноста на Одборот на директори во 2022 година е во согласност со членот 373-а од Законот за трговските друштва. Речиси сите седници на Одборот на директори се одржаа во полн состав, со исклучок на три седници на кои на седницата учествуваа четири лица.

На Годишното Собрание на акционери одржано на 19.05.2022 година, беше одобрена работата на сите членови на Одборот на директори во претходната деловна година: Симон Наумоски - Претседател (неизвршен член), Сашо Наумоски - Генерален извршен директор (извршен член), Благоја Ѓорѓијовски - Неизвршен член, Горан Рафајловски – Независен неизвршен член и Марјан Бојаџиев – Независен неизвршен член. На истата седница беа отповикани претходните членови и се пристапи кон избор на нови членови на Одборот на директори. На оваа седница како членови на Одборот на директори беа избрани: Симон Наумоски, неизвршен член, дипломиран инженер технолог; Сашо Наумоски, член, магистер на економски науки; Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член, доктор на економски науки; Маја Кадиевска-Војновиќ, независен неизвршен член, магистер по бизнис администрација; Горан Трајковски, дипломиран правник, независен неизвршен член. Новиот состав на Одборот на директори има мандат од 4 /четири/ години. Претходното е во согласност со политиката на Друштвото во органот на управување да обезбеди поголемо учество или застапеност на жени членови. На првата наредна седница на Одборот на директори во нов состав, за извршен член со титула Генерален извршен директор беше избран Сашо Наумоски, додека Симон Наумоски беше избран за Претседател на Одборот на директори, а Горан Трајковски за Заменик на Претседателот.

Во П.И.„Витаминка" а.д. Прилеп во 2022 година функционираа вкупно 10 (десет) сектори и тоа: Технички сектор, сектор за Набавки и логистика, Продажен сектор 1 - Република

Македонија (продажба на домашен пазар), Продажен сектор 2 - Република Србија (продажба во Р.Србија), Продажен сектор 3 - останат свет (продажба во странство без Р.Србија), сектор за Правни и општи работи, сектор за Финансии, сектор за Контрола на квалитетот, сектор за Развој и сектор Маркетинг. На чело на секој сектор е поставен директор, со исклучок на секторот Маркетинг за кој формално не е именуван директор. Во рамките на секторите се организирани и функционираат служби и работни единици. Директорите на секторите се членови на Оперативниот тим на „Витаминка". Во текот на годината беа одржани повеќе состаноци на Оперативниот тим, на кои што беа разгледувани актуелните случувања во друштвото, проблемите поврзани со економската и енергетската криза и беа разгледувани активностите поврзани со исполнувањето на стратешките цели на друштвото.

Во друштвото се определени три нивоа на менаџмент и тоа: ниско, средно и високо ниво на менаџмент, со прецизно определени права и одговорности во работењето.

Процесот на донесување одлуки во друштвото е крајно транспарентен и истиот го сочинуваат следните активности: идентификување на проблем, анализирање на проблем, развивање на алтернативни решенија, избор на најдобрата солуција, претворање на одлуката во акција и следење на преземените активности.

Од неодамна, Одборот на директори формира: Комисија за ревизија и Комисија за избор, именување и наградување. Основната задача на овие комисии е помагање во извршувањето на задачите на Одборот на директори. За вршењето на активностите беше донесен посебен Деловник за работа на комисиите. Во двете формирани комисии има по тројца членови. Во Комисијата за ревизија членови се лицата: Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член на Одборот на директори, претседател на комисијата; Маја Кадиевска-Којновиќ, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата и Горан Трајковски, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата. Во Комисијата за избор, именување и наградување, членови се лицата: Симон Наумоски, неизвршен член на Одборот на директори, претседател на комисијата; Горан Трајковски, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата и Маја Кадиевска-Којновиќ, независен неизвршен член на Одборот на директори, член на комисијата. Комисијата за ревизија има одговорност да врши надзор на управувањето со ризиците на друштвото и внатрешната контрола, финансиското известување и работата на надворешниот ревизор, додека Комисијата за избор, именување и наградување, има одговорност да го надгледува изборот и именувањето на членовите на одборот на директори, но и да врши надзор во делот на наградувањето на извршниот член на органот на управување. Со оглед на фактот што комисиите беа формирани на почетокот од вториот квартал во 2023 година, сè уште не се одржани состаноци и не се разгледувани поединечни прашања од делокругот на нивното работење.

**13. Корпоративна општествена одговорност**

Општествената одговорност е веќе години наназад дел од самата суштина и стратешка определба на Витаминка. Ангажираниот однос кон заедницата е интегриран и претставува суштински дел од плановите за развој или од секојдневното работење на компанијата. Преку активностите што ги спроведуваме или ги поддржуваме, ја демонстрираме нашата искрена грижа за заедницата, за подобрување на условите во различни општествени сегменти и за создавање еднакви можности за сите.

Одговорноста што како една од најголемите компании во земјава ја имаме, ја демонстрираме во повеќе области, здравство, спорт, социјална еднаквост, култура, поп култура. Некогаш фокусот на нашето внимание е цела група граѓани, а некогаш тоа се поединци, индивидуалци кои имаат потреба од ургентна помош или пак се истакнел со некој значаен подвиг и на тој начин го заслужува внимание на Витаминка.

Филантропијата е во суштината на нашата корпоративна општествена одговорност. Посебен дел од тоа е грижата за оние што се во социјално неповолна ситуација. Покрај издвоени донации и помош, што како компанија ја даваме, исто така ја поддржавме платформата Храна за сите-Банка за храна преку којашто го донираме вишокот храна што сè уште е во добра состојба и е безбедна за употреба. Витаминка беше дел и од проектот на „Еурохуман Интернационал", чија цел е да помогне во рамноправна распределба на вишокот храна. Ваквата практика ќе доведе до намалување на состојбата со недоволната исхранетост во државата и намалување на недостатокот од храна. Но, исто така преку примерот на компаниите и индивидуалците вклучени во проектот, ќе придонесе и за зголемување на свеста на населението за одговорно однесување кон своите сограѓани. „Витаминка" ја доставува храната соодветно стандардите и правилата за транспорт, договорено според препораките од носителот на проектот, а тие понатаму храната ја доставуваат до корисниците односно оние на кои им е потребна помош. Индиректно дистрибуираната храна завршува кај повеќе социјално загрозени граѓани на територијата на Република Македонија и соседно Косово.

Исто така, нашиот придонес е голем и во спортот со бројни активности, преку кои поддржуваме различни спортски активности од екипен, па сé до индивидуални спортови. Една од активностите со кои посебно се гордееме е нашата грижа за локалниот спорт и за заживување на спортскиот дух во градот и посебно кај младите. Така, нашата компанија, како основач на Ракометниот клуб Деспина се грижи и ги обезбедува сите потребни услови за непречено тренирање и активно учество на членовите во клубот во своите лиги (кадетска и сениорска).

Во спортот, редовно се вложува во спортски активности од различен тип, екипен, поединечен, зимски или летни. Некогаш тоа се веќе докажани и афирмирани спортисти кои понатаму ги промовираат нашите брендови а некогаш тоа се спортски активности во подем.

Во текот на 2022 година го поддржавме ФК Борец 1919 Велес, КК Мега баскет кошарка Прилеп, Карате-До Клуб Скопје, КБСР 7-ми Мај Прилеп, Здружение Џудо клуб „СЕИШИН" од Прилеп, Мотокко ДООЕЛ, Ракометен клуб Струга, Трчај бе Битола, Здружение Спортски клуб

Вардар Бекгемон и Табла Клуб Скопје, Џудо федерација на Македонија, Охрид трчат, Македонска тениска федерација.

Како вистински поддржувач на културата ги поддржавме фестивалот Запознај ја Преспа, филмскиот фестивал Преку езерото, Пастрмајлијада 2022, Пиво фест, Тиквешки гроздобер.

Како што ја поддржуваме културата исто така имаме развиен одговорен однос и кон поп културата. Сите овие активности, кои се посебно во сегментот на културата, попкултурата и општествените настани и нивната поддршка се во насока на дополнителна промоција на корпоративниот бренд, нашите компаниски вредности како и на сите останати брендови на Витаминка.

Така преку изборот на настани каде сме присутни го следиме диверзитетот на музичките настани и ја поддржуваме музиката. Го поддржавме фантастичниот концерт на групата Меморија. Особено сме горди на нашата поддршка на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински" кој секоја година се одржува во Прилеп.

Витаминка донираше повеќе пати на социјално загрозени семејства, на поединци, на верски објекти, здравствени установи, ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Битола и Скопје, здруженија.

Особено сме горди на нашите две реализирани донации, и тоа: донација со книги од автори на детска литература во Градската библиотека Борка талески во Прилеп и донација со лабораториска опрема во Средното општинско училиште Ѓорче Петров Прилеп.

Витаминка додели вредносен ваучен на студент од Економскиот факултет во Прилеп на првиот академски час во 2022 година.

Претходната 2022 г. Витаминка доби награда за општествена одговорност од платформата Храна за сите-Банка за храна.

Сите активности што сме избрале да ги поддржиме се одраз на нашиот однос кон заедница, се рефлексија на нашите компаниски, колективни вредности, но исто така и во насока на засилена афирмација и популаризација на нашите производи.

Друштвото презема низа активности на планот на животната средина. Во тој правец, со 2022 година беа преземени следните работи:

- Обновливите извори на енергија се она кон што треба да се стреми секое општество, а и компаниите како важен дел од него. Витаминка како општествено и еколошки одговорна компанија се грижи активно за животната средина преку користење на енергетски ефикасни и еколошки извори на енергија. 90% од технолошкото и комфорното загревање и ладење во Витаминка е од енергетски ефикасни и еколошки извори на енергија. Нашата цел за иднината е тоа да биде 100%.
- Витаминка како еколошки одговорна компанија во 2022 година има рециклирано 106 840 kg хартија.

- Грижата за животната средина подразбира преземање активности кои придонесуваат за нејзиното зачувување. Витаминка во 2022 година има рециклирано 8 525 kg отпадна пластика.
- За да се рециклира 1 t железо е потребно многу помалку енергија отколку тој да се произведе. Витаминка, како еколошки и општествено одговорна компанија во 2022 година, има рециклирано 9 тони железо и лим.
- Рециклирањето и користењето обновливи извори на енергија се едни од главните еколошки начела на нашата компанија. Во таа насока, во 2022 година имаме претворено 74 тони органски отпад во биогас за производство на електрична енергија.
- Во 2022 година во ПИ „Витаминка“ од обновливи извори на енергија (сопствени фотоволтаични централи) произведено е 1.151.779 kWh електрична енергија за сопствени потреби, со што покривме околу 15% од годишната потрошувачка.

## 14. Осврт на органот на управување кон макроекономските состојби во државата и состојбите во Друштвото

### 14.1. Економскиот амбиент во Република Северна Македонија во текот на 2022 и согледување на светските економски трендови

Во светски рамки, првиот квартал од 2022 година го одбележаа започнувањето на војната во Украина и продлабочувањето на енергетската криза, како нови предизвици за економското закрепнување од пандемијата. Со руската инвазија на Украина и санкциите кон Русија, се влошија веќе нарушените глобални синџири на снабдување, енергетската криза и пазарите на примарни производи, што предизвика силни ценовни притисоци и голема неизвесност за глобалните економски изгледи и за идната патека на економско закрепнување. Истовремено, поради војната и санкциите поврзани со неа, се затегнаа глобалните финансиски услови и се намали довербата на инвеститорите, што создаде ризик за финансиската стабилност и фискалните позиции на поранливите земји и земјите нето-увознички на примарни производи. Исто така, пандемијата и понатаму е фактор којшто влијае врз економските и инфлациските изгледи.

Во однос на глобалната инфлација, растот на цените и натаму забрзува во вториот квартал од 2022 година. Тоа и натаму во најголема мера е одраз на растот на цените на енергија и храната, како резултат на изразените нагорни придвижувања на цените на примарните производи на светските пазари поради инвазијата на Русија врз Украина.

Цените на енергентите и неенергетските примарни производи растат и во второто тримесечје од 2022 година. Имено, цената на нафтата, во вториот квартал забележа раст од 19,9% во однос на претходниот квартал, при што просечната цена достигна 105,9 евра за барел.

И во третото тримесечје од 2022 година забавува растот на глобалната економска активност, што главно се должи на последиците од глобалната енергетска криза и продолженото траење на војната во Украина. Еврозоната, како наш најзначаен трговски партнер, во третото тримесечје забележа забавен годишен економски раст од 2,3% (4,2% во второто тримесечје), во услови на помал придонес на потрошувачката на домаќинствата за растот и влошена нето извозна побарувачка.

Во четвртото тримесечје од 2022 година се забележува малку поумерен раст на потрошувачките цени на глобално ниво. Затегнувањето на монетарната политика во развиените земји продолжи и во последниот квартал, со оглед на високата и подолготрајна инфлација и проекциите дека таа ќе се задржи над целното ниво одреден период. На светските берзи главно продолжија надолните движења на цените на примарните производи. Согласно проекциите на Светската банка од јануари 2023 година, се предвидува дека забавување на глобалниот економски раст ќе има и во 2023 година, по што се очекува негово одредено забрзување. Изгледите за глобалниот раст се влошени во однос на претходните очекувања, што се должи на усогласеното затегнување на монетарната политика на глобално ниво, заради смирување на инфлациските притисоци, на влошените финансиски услови и продолженото траење на војната во Украина.

Во Р.С.Македонија инфлацијата и понатаму во најголем дел произлегува од надворешни фактори, односно од порастот на увозните цени на храната и енергентите. Овие промени се предизвикани од нарушувањата на глобалните пазари на основни производи, во услови на продолжено траење на војната во Украина и на воведените санкции и трговски рестрикции кон Русија. Цените на храната на домашниот пазар и натаму растат, делумно и под влијание на преносните ефекти од порастот на ценовното ниво на енергентите. Можно е овој ефект делумно да се ублажи преку преземените мерки, поврзани со снабдувањето со електричната енергија на домашните производители на прехранбени производи, почнувајќи од последниот месец на годината. Имајќи предвид дека храната и енергијата се влезна компонента кај повеќе други производи и услуги, во последното тримесечје раст се забележува и кај базичната инфлација. За целата 2022 година, просечната годишна стапка на инфлација е во согласност со очекувањата и изнесува 14,2%. Во поглед на факторите коишто би влијаеле врз идната краткорочна динамика на потрошувачките цени, се забележува забавување на стапката на раст на цените на домашните производители и стабилизирање на странската увезена инфлација, додека кај номиналните трошоци за труд по единица производ се забележува одредено забрзување на годишниот раст во третиот квартал. Во поглед на очекувањата за стапката на инфлација во наредниот период, според Анкетата на Народната банка, економските аналитичари очекуваат стапка на инфлација од 7,8% во 2023 година и 4,3% во 2024 година, коишто се слични во однос на очекувањата од претходната анкета и во согласност со проектираната динамика на инфлацијата на Народната банка и меѓународните институции.

Во продолжение следува графички приказ на движењето на стапката на инфлација и каматната стапка во Р.С.Македонија и споредба на инфлацијата со Европска Унија.




***Слика: Движење на стапката на инфлација во 2022г Р.С.Македонија***




***Слика: Движење на каматните стапки во 2022г Р.С.Македонија***




***Слика: Споредба на стапката на инфлација во 2022г Р.С.Македонија и ЕУ***




***Слика: Бруто домашен производ по глава на жител (во УСД - $)***

## 14.2. Состојби во Друштвото (осврт на Претседателот на Одбор на директори)

По тешката 2022 година, исполнета со многу неповолни услови на стопанисување, влегуваме во период од две години, во следните 2023 и 2024 год., кои ги сметаме за две најтешки години во работењето на „Витаминка“ после оние од 1991-1994 година (кога се растури СФРЈ), во кои, не сум баш убеден, дека ќе можеме, без посебни вонредно тешки напори во нашето работење, да успееме да покажаме позитивен финансиски резулат.

Причините за ваков наш изнесен, условен песимизам се повеќе, а дел од нив се овие:

Присутната војна во Украина и последиците кои таа ни ги создаде и наметна, и прашањето до кога таа ќе трае што е засега непознато, а најдобро ќе биде да заврши што поскоро.

Енормно високите финансиски обврски кои како ануитети од земените и искористени долгорочни и краткорочни кредити од банките од страна на фабрикава стасуваат за плаќања во тие наредни две години, и кои по досегашните камати кои ги имаме договорено со банките, изнесуваат: нешто над 4.000.000,00 € за оваа 2023-та, и нешто над 3.500.000,00 € за исплата во следната 2024-та година. Но, овие износи се со земени камати предвид, за тие земени кредити договорени со банките до крајот на ноември 2022 година, а веќе во почетните 2-3 месеци од оваа година, висината на истите на месечно ниво постојано се зголемува. За илустрација колку тие се големи како обврски на компанијата, фиксни обврски за плаќање на месечно ниво, ќе ја дадеме оваа споредба: тие се околу 330.000,00 € на месечно ниво (во ноември 2022), а висината на бруто платата за сите 660 вработени (сса) на месечно ниво во фабриката е 540.000,00 € - 550.000,00 €. Во меѓувреме, веќе е средина на март 2023.

Каматите по земените кредити по одлука на НБМ ќе се зголемуваат брзо затоа што основната каматна стапка за кредитите обезбедени досега и за оние кои ќе се земаат натаму, од 1,25% во март о.г., се зголеми и денес веќе има вредност од 5,25%. На ред се потезите на банките во РМ за зголемување на висината на каматите на кредити кои тие и досега ги дале за користење на стопанството и кои натаму ќе ги применуваат за ново дадените кредити за стопанството, а и на физичките лица во РМ.

Пред носењето на оваа одлука од страна на нашите банки, Централната банка (FED) на САД ја донесе оваа слична одлука сè со цел да ја намали потрошувачката и со тоа да ја намали стапката на инфлација во САД.

Малата продажба, многу под планските месечни количини во 2022 год. на чоколадата произведени во „Витаминка“ и со тоа и огромниот пад на продуктивноста во работењето во таа наша работна единица, имаше посебно негативно влијание врз работењето на „Витаминка“, во таа година.

Евидентни се проблеми од несоодветното и очекувано остварување на разлика во цени од продажбата на маслото за јадење, кои започнаа да се генерираат во компанијата од средината на месец ноември 2021 год., со носењето на одлуката за замрзнување на продажните цени на маслото со важност од 1.12.2021 год. Во наведениот период во компанијата беа обезбедени залихи од сурово сончогледово масло и договорени дополнителни / нови количини со прилично повисоки цени, од кои тешкотии (за пласман и финансиски) ќе има и натаму.Тоа што нормално го работевме до тој период од годината, повеќе години station наназад, со навремени обезбедувања залихи за работа, одеднаш во тој момент се отвори како огромен и многу тежок проблем, со финансиските последици по „Витаминка“ .

Отсуствуваше дијалог и разбирање од страна на Владата за проблемите на овој план. Секое барање на стопанството беше одбиено во 2022год.

Една од важните работи за 2022 година, претставува и постигнувањето успешна, позитивна работа на годишно ниво на заедничкото друштво "VITAFOOD" во Приштина, кое е формирано и функционира со заедничко вложување со „Витаминка Трејд" – Приштина. Позитивна работа претставува и воведувањето во производство на новата производна линија за мафини.

Како успешна може да се оцени работата на поврзаното друштво „В-Роуте" ДООЕЛ Прилеп, со 100% влог од „Витаминка",ДОО „Ведрина-2" Белград, Р Србија и ЕООД „Витаминка БГ" Софија Р Бугарија. Позитивна работа претставува и остварената зголемена продажбата на производи на теренот на Србија, која што 15-тина, но и повеќе години, претставуваше најголем проблем во „Витаминка".

- Посебен проблем на планот на продажбата во оваа година ќе биде продажбата на производите од производниот програм на VITAFOOD sh.p.k. - Приштина. А тие се: баровите, печените и спаковани кикирики и здравата храна. Веднаш треба да се дефинира заедничката стратегија за продажба на овие производи, а особено на пржените и спаковани кикиритки.

- Во однос на залихите на сончогледовото масло во фабриката „Брилијант", состојбата е стабилна, но после 1-ви Април 2023 год. или нешто подоцна, не се знае дали ќе има доволни количини за набавка од европскиот пазар.

За инвестициски зафати кои ќе носат заштеди, ќе се намалува работната рака и ќе придонесат во значително подобрување на работењето, ќе се зголемува продуктивноста на ниво на Р.Е. и ќе се постигне стандардизирање на квалитетот кај некој производ, ќе се настојува секогаш да се обезбедат финансиски средства за нивната брза и квалитетна реализација. За такви зафати ќе се обезбедува вонреден ангажман на лицата кои ќе го реализираат тој зафат од секаков аспект.

И понатаму останува заложбата, особено во следните три години, постојано, што значи секојдневно секојдневно, да се работи на стручен план за воведување најсовремени технолошки решенија за постоечките и новите производи.

Претходно беа презентирани најприоритетните планирани задачи за решавање во 2023 год., а беше направен осврт и на тоа како се работеше во претходната деловна година. Менаџментот ќе вложи силни напори за да ги постигне деловните цели.

<u>Дел од финансиките показатели:</u>

- Износот на исплатените ануитети по земените кредити во 2022 година беше во висина од: <u>4.710.480,26 €</u> (од планираните неполни 4.0 милиони)

- Вкупните одливи на финансиски средства во 2022 год. по Годишниот извештај на секторот за Развој и инвестиции и Финансовиот сектор, одливи од сопствени извори и одливи по основ на кредити, се во висина од:

<u>7.400.400,46 €</u>

- За износот на земените кредити до 31.12.2022 год., по сите намени споменати претходно, најголемите оптоварувања од исплатата на ануитетите по нив ќе бидат, како што и претходно се спомена, во 2023 година, во 2024 година, а делумно и во 2025 година, но во помал обем во однос на актуелната висина на ануитетите со вклучена камата на кредитите.

- Вкупните обврски кои „Витаминка" ги имаше по земени кредити со состојба 31. јануари 2022 год. беа следните:

a. - По долгорочни кредити: 20.628.376,00 €

b. - По краткорочни кредити: 5.882.974,00 € (во основа или најголем дел за маслото)

c. = Вкупен долг : 26.511.350,00 €

Со презентираните информации се прави краток осврт на поважните аспекти поврзани со работењето на „Витаминка“ АД и поврзаните друштва во претходната деловна година, но и за нејзината работа во оваа 2023 година.

- **ИЗЈАВА ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКСОТ ЗА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**

Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп изјавува дека согласно член 384-а од Законот за трговските друштва во целост се придржува кон Кодексот за корпоративно управување.

Кодексот за корпоративно управување е објавен на веб страната на друштвото и со тоа е јавно достапен за сите заинтересирани страни.

Сите дејствија и постапки во деловната 2022 година беа во согласност со законот и одредбите од Кодексот за корпоративно управување. Имено, друштвото постапуваше транспарентно во поглед на обврската за обелоденување податоци и информации, а процедурите за контрола и ревизија во друштвото целосно се почитуваа. Доследно се применуваа и највисоките барања поврзани со начинот на функционирање на органот на управување, собранието на акционери и помошните тела.

Согласно измените на Правилата за котација на Македонска берза, усвоени од Одборот на директори на Македонската берза на 21.12.2021 година, а за коишто е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност на 27.12.2021 година, Прехранбена индустрија „Витаминка“ АД Прилеп по истекот на 2022 година, за таа деловна година, ќе извести за примената на Кодексот за корпоративно управување, што е задолжително за сите друштва што ќе ги исполнуваат пропишаните критериуми.

09.03.2023 год.

П.И.„Витаминка“ АД Прилеп
Претседател на О.Д.
Дипл.инг. Симон Наумоски